ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“

Врз основа на член 24, став 1, алинеа 13 од Статутот на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје, Извршниот одбор, на седница одржана на ден 26.04.2017 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за доделување награди на членовите на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје, за учество и постигнати резултати на државни натпревари

### Член 1

Одлуката е донесена врз основа на Статутот и Програмата за работа на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје.

### Член 2

Одлуката е донесена за да се поттикне и стимулира учество на натпревари по географија, кои имаат за цел: покажување знаења, развивање на истражувачкиот дух и презентерските вештинии кај учениците.

Преку стимулирање на ваквите активности, покрај директното учество во подготовка на учениците, се истакнува улогата на професорите по географија во развивање љубов кај учениците кон географијата како наставен предмет и како наука.

### Член 3

Со оваа одлука се наградуваат сите ментори, членови на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје, кои освоиле прво, второ и трето место на државен натпревар согласно членот 2 од оваа одлука.

### Член 4

Со оваа одлука се наградуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место на државен натпревар, согласно членот 2 од оваа одлука.

### Член 5

Наградата може да ја користат ученици чии што ментори се членови на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје.

За учениците апликацијата ја поднесуваат нивните ментори, членови на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје.

Адреса: бул.: „Партизански одреди“, бр. 99
1000 Скопје, Р. Македонија
телефон: ++ 389 2 3093 209
факс: ++ 389 2 3093 213
мобилен: ++ 389 72 25 41 96
Website : www.geograf.mk
Email : contact@geograf.mk

**Член 6**

Наградата ќе се обезбеди преку спонзорства и донации.

**Член 7**

Наградата може да ја користат ученици и ментори кои ќе приложат доказ (диплома за освоено место) и членска картичка од Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје.

**Член 8**

Добитниците на награди ќе бидат прогласени на Годишното Собрание и објавени на официјалната страна на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје.

**Член 9**

Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

**Здружение на професори по географија на Македонија**
**„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје**
**Претседател,**
**М-р Јулијана Петровска**

**Адреса:** бул.: „Партизански одреди“, бр. 99
1000 Скопје, Р. Македонија

**телефон:** ++ 389 2 3093 209
**факс:** ++ 389 2 3093 213
**мобилен:** ++ 389 72 25 41 96

**Website** : **www.geograf.mk**
**Email** : **contact@geograf.mk**